( Образец ПП……)

**До: _Општина___**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

____________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

**Завршна сметка на општината за 2022 година со вклучени Биланс на приходи и Биланс на расходи по завршна сметка**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

**- г) електронски запис**

_____________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

**- г) е-маил** [redacted]

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 5 април 2023 година** ____[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Датум: 05.04.2023

**До** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 09-438/1, 05.04.2023 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник наРСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 05.04.2023 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со завршна сметка на општината за 2022 година со вклучени биланс на приходи и биланс на расходи по завршна сметка, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со завршна сметка на општината за 2022 година со вклучени биланс на приходи и биланс на расходи по завршна сметка.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 05.04.2023 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 05.04.2023 година под архивски број 09-438/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 05.04.2023 година, под бр. 09-438/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси
______________________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

Бараната информација за завршна сметка на Општина Демир Хисар за 2022 година со вклучени биланс на приходи и биланс на расходи по завршна сметка е поставена на интернет страницата на општината и е достапна на следниов линк:

http://www.demirhisar.gov.mk/e-opstina/budzet-drugi-finansiski-dokumenti.html

Напомена:

Општина Демир Хисар имајќи ги во предвид обврските кои произлегуваат од законите кои ја третираат оваа област а во духот на проактивната транспарентност, на својата интернет страница редовно и ревносно објавува документи од своето работење а посебно документи од финансиски карактер.

Проактивната транспарентност ја подразбираме како начин на кој барателите ќе имаат полесен и побрз пристап до информациите кои се предмет на нивниот интерес.

Но доколку барателите без да проверат ја бараат веќе објавената информација, се губи смисолот на проактивноста во оваа област, во која Општина Демир Хисар е водечка институција во Република Северна Македонија и секако дека не се согласуваме со констатацијата, цитирам: „ Информацијата не успеав да ја најдам на веб страната на општината, затоа ви се обраќам на овој начин “.

Со своето работење Општина Демир Хисар е позитивен пример во областа на проактивната транспарентност и планираме тој примат и натаму да го задржиме.

Срдечен поздрав,

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

---------------------------------------------